Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Македонија, врз основа на член 68 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр.66/13) како и членовите 31, 34, 38 и 41 од Деловникот за работа на Врховникот суд, во интерес на единствена примена на правото и воедначување на судската практика, расправајќи по укажувањето на разлики во примена на член 203 од Законот за сопственост и други стварни права изразени во одлуките на Врховниот суд на Република Македонија Рев2 бр. 69/2014 и Рев2 бр.484/2014, на седница одржана на ден 11.09.2015 година, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

**По извршена проверка на одлуките на Врховниот суд на Република Македонија Рев2 бр. 69/2014 од 04.02.2015 година и Рев2 бр.484/2014 од 19.02.2015 година, констатирано е отстапување од судската практика во одлуката на Врховниот суд на Република Македонија Рев2.бр.484/14.**

Овој заклучок да се достави до сите судии на Врховниот суд на Република Македонија и до Апелациониот суд Гостивар.

## О б р а з л о ж е н и е

До Одделот за судска практика на Врховниот суд на Република Македонија доставено е известување во електронска форма од Апелациониот суд Гостивар во кое се укажува на разлика во примената на член 203 од Законот за сопственост и други стварни права во судската практика и во таа насока доставени се одлуки на Врховниот суд на Република Македонија Рев2 бр.69/2014 од 04.02.2015 година и Рев2 бр.484/2014 од 19.02.2015 година.

По извршен увид во списите по наведените предмети, констатирана е следната состојба:

Предметот **Рев2 бр.484/2014** пред Врховниот суд на Република Македонија оформен е по поднесена ревизија од тужителот Иван Тофилоски од Гостивар. Имено, постапката била иницирана по тужба поднесена на 22.03.2007 година од тужителот Иван Тофилоски од Гостивар, против тужениот АД МЕПСО Скопје, за надомест за користење на служебеност. Со пресуда на Основниот суд Гостивар П бр.384/2007 од 25.12.2009 година делумно било усвоено тужбеното барање на тужителот и тужениот бил задолжен да му исплати на тужителот на име надомест за користење на служебеност во вид на поставување на електричен столб и поминување на далновод низ недвижноста на тужителот – опишан во изреката на пресудата, за временскиот период од 01.01.2002 година до 31.12.2007 година вкупен износ од 1.652.400,00 денари со соодветна законска камата. Поголемото тужбено барање кое се однесува за период од 2007 година до 2032 година во износ од 3.737.910,00 денари, одбиено е како неосновано.

Според образложението на оваа пресуда, приговорот на застареност истакнат во текот на првостепената постапка од тужениот,

судот од прв степен не го прифатил од причина што „..основот на тужбеното барање е за исплата на надомест за користење на право на службеност кое е апсолутно и стварно право“.

Постапувајќи по жалбата од тужениот, Апелациониот суд Гостивар со пресуда ГЖ бр.1493/13 од 31.01.2014 година, жалбата ја уважил и првостепената пресуда во усвоениот дел ја преиначил на начин што тужбеното барање е одбиено како неосновано. Причините за ваквата одлука на второстепениот суд се во заклучокот дека во случајов настапила застареност на побарувањето во смисла на член 360 од Законот за облигационите односи, со оглед на утврдувањето на првостепениот суд декадалекуводот бил граден во 1978 година.

Врховниот суд на Република Македонија со пресуда Рев2 бр.484/2014 од 19.02.2015 година ја усвоил ревизијата на тужителот и ја преиначил пресудата на Апелациониот суд Гостивар, така што жалбата на тужениот е одбиена како неоснована, а пресудата на првостепениот суд во усвоениот дел е потврдена. Според образложението на наведената пресуда, Врховниот суд на Република Македонија при примената на материјалното право, се повикува на одредбата од член 203 став 1 од Законот за сопственост и други стварни права, според која сопственикот на послужната ствар има право на надомест за утврдена службеност. При тоа, во пресудата на Врховниот суд се наведува дека „... во конкретниот случај тужителот како сопственик на послужната ствар бара исплата на надомест за утврденото право на службеност на предметната недвижност, па со оглед на тоа што правото на службеност е апсолутно стварно право кое не застарува, правилен е заклучокот на првостепениот суд дека не постои застареност на тужбеното барање на тужителот...“.

Предметот **Рев2 бр. 69/2014** пред Врховниот суд на Република Македонија оформен е по поднесена ревизија од тужителот Љубомир Богески од Кичево. Постапката е иницирана по тужба поднесена на ден 23.05.2011 година од тужителот Љубомир Богески од Кичево, против тужениот ЕВН Македонија АД Скопје, за надомест за воспоставена службеност.

Со пресуда на Основниот суд Кичево П1 бр.37/2013 од 16.05.2013 година одбиено е поради застареност тужбеното барање на тужителот да се задолжи тужениот да му плати на име надоместок за востановена службеност на 1/2 идеален дел од недвижниот имот – подробно опишан во изреката, износ од вкупно 10.050 евра во денарска противвредност. Имено, во оваа постапка, исто така, од тужениот бил истакнат приговор на застареност, кој првостепениот суд го прифатил, повикувајќи се на одредбите од член 349 и член 360 од Законот за облигационите односи, со оглед дека тужителот го стекнал правото на користење на предметната недвижност во 1983 година, а тужбата ја поднел на 23.05.2011 година. Постапувајќи по жалбата од тужителот Апелациониот суд Гостивар со пресуда ГЖ бр.1027/13 од 21.11.2013 година, жалбата ја одбил како неоснована и ја потврдил првостепената пресуда.

Врховниот суд на Република Македонија со пресуда Рев2 бр.69/2014 од 04.02.2015 година, ревизијата на тужителот ја одбил како неоснована. При тоа, во пресудата на Врховниот суд се наведува дека „... тужбеното барање на тужителот е парично, односно надомест за воспоставена службеност. Со ниту еден друг член од Законот за

сопственост и други стварни права не е регулирано во кој рок застарува ова право, па во ваков случај според Врховниот суд на Република Македонија важат општите одредби за застареност, предвидени со Законот за_облигационите односи...“ Оттука, со примена на одредбата од чл 360 од Законот за облигационите односи, Врховниот суд заклучува дека правилно прифатиле пониските судови дека побарувањето на тужителот е застарено од причина што тужбата е поднесена по истекот на општиот рок од 5 години, со оглед дека тужителот недвижноста ја стекнал по пат на наследување од неговиот татко со веќе воспоставена службеност, па од моментот кога го остварил корисничкото право (1983 година), до поднесување на тужбата (23.05.2011 година) е поминат период повеќе од 30 години.

Во досегашната судска практика на Врховниот суд на Република Македонија во слична фактичка и правна ситуација, изразено е стојалиште дека тужбеното барање кое се однесува за надоместок за комунално техничка или индустриска службеност претставува парично побарување, кое според општите одредби од Законот за облигациони односи застарува во рок од 5-пет години. (пресуда на ВСРМ Рев. бр.489/2009 од 02.07.2009 година).

Поради сето изложено, следуваше да се донесе заклучок како што е погоре наведено.

**ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА**